## 3. РЕШЕНИЕ за данок на имот

| | |
|---|---|
| Сектор:<br><br>Одделение: | Администрирање на приходи,лер и стратешко планирање<br><br>Одделение за администрирање на приходи |
| Одговорно лице: | |
| Телефон: | 031/414-375 / 031-422-641 |
| е - маil: | |
| Работно време: | 08.00-16.00 часот |

**Опис и тек на постапката во чекори**:

1. Поднесување на даночна пријава за утврдување на данок на имот во канцеларија број 2 и 3 во Општина Куманово. Изготвените решенија за данок на имот се подигаат на канцеларија број 2 и 3 во Општина Куманово;

2. На даночната пријава треба да се наведе лице за контакт и контакт телефон;

3. Данок на имот се плаќа на недвижен имот, освен за оној имот кој е ослободен од плаќање на данок според ЗДИ („Сл. весник на РМ" бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16);

4. Утврдувањето на пазарната вредност на недвижноста ја врши овластен проценител на пазарната вредност на недвижниот имот, според Методологија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот;

5. Одговорните лица изготвуваат Решение за данок на имот;

6. Решението за утврден данок на имот му се доставува на даночниот обврзник –лично или по пат на пошта.

**Потребни документи**:

1. Даночна пријава за утврдување на данок на имот (законски пропишана форма);

2. Доказ за сопственост на недвижноста (имотен лист, поседовен лист или претходно заверен доказ за сопственост);

3. Друга дополнителна документација што ќе се јави како потребна во текот на постапката.

4. Сите потребни информации во врска со данок на имот може да се добијат во канцеларија број 2 и 3 во Општина Куманово

| | |
|---|---|
| **Рокови за постапката** | Решението за висината на данокот на данокот на имот се донесува најдоцна до 31 Март во годината за која се утврдува данокот на имот (законски рок) |
| **Документ/акт што граѓанинот го добива** | Решение за утврден данок на имот |